Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 17 и член 42 став (1) точка 2) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19) и член 14 став (1) точка 2) од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 51/19, 54/19, 214/19, 114/20, 246/20 и 44/21), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 13 јануари 2022 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕНА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

1. На Друштвото за производство и трговија на електрична енергија ЕЛ-ЕНЕРЏИ ДОО Скопје му се издава привремена лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од фотонапонска електроцентрала ФЕЦ “СТРАГОВО 2”.

2. Привремената лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија е дадена во Прилог, којшто е составен дел на оваа одлука.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

О б р а з л о ж е н и е

Друштвото за производство и трговија на електрична енергија ЕЛ-ЕНЕРЏИ ДОО Скопје, со седиште на ул. “Борис Трајковски” бр. 198А Скопје - Кисела Вода (во понатамошниот текст: Друштво), на 24 ноември 2021 година до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика), во согласност со Правилникот за лиценци, поднесе Барање за издавање на привремена лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од фотонапонска електроцентрала ФЕЦ “СТРАГОВО 2”, УП1 бр. 12-243/21 од 24 ноември 2021 година (во натамошниот текст: Барање).

Согласно член 8, став (5) од Правилникот за лиценци, Регулаторната комисија за енергетика на 26 ноември 2021 година на својата веб страница објави Соопштение за поднесеното Барање.

На Друштвото му е издадено Одобрение за градење со кое на инвеститорот РЕСУРС ЛТДИ ДООЕЛ Кавадарци му се одобрува изградба на фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште/фотонапонска централа Страгово 2 и електричен вод за приклучок на дел од КП 275 и дел од КП 1231, КО Страгово, Општина Кавадарци, издадено од Општина Кавадарци со арх.бр. 11-158 од 29 ноември 2019 година, со правосилност од 20 декември 2019 година, Решение со арх.бр.11-168 од 7 октомври 2020 година, со правосилност од 21 октомври 2020 година, со кое на Друштвото за производство и трговија на електрична енергија ЕЛ-ЕНЕРЏИ ДОО Скопје се признава статус на инвеститор на градба, фото-напонски панели за електрична енергија кои се градат на земјиште/фотонапонска централа Страгово 2 и електричен вод за приклучок на дел од КП 275 и дел од КП бр.1231, КО Страгово, Општина Кавадарци, за кое

е издадено Одобрение за градење со арх.бр. 11-158 од 29 ноември 2019 година од Општина Кавадарци и Решение за одобрување на измени во текот на изградбата на фото-напонската централа “СТРАГОВО 2” и електричен вод за приклучок на дел од КП бр.275 и КП бр. 1231-дел со инсталирана моќност од 1,001.52 kW на градежно земјиште со КП бр.275-дел и КП бр.1231-дел КО Страгово, Општина Кавадарци со арх.бр.11-176 од 24 септември 2021 година со правосилност од 13 октомври 2021 година а се однесува за измена на издадено одобрение за градење со архивски бр.11-158 од 29 ноември 2019 година.

Друштвото го достави Барањето и потребната документација наведена во член 7 и Прилог 1 точка 10.2, односно од Образецот БЛ 10.2 од Правилникот за лиценци, во оригинал и електронски во .pdf формат. Друштвото го комплетираше барањето на 5 јануари 2022 година.

Со оглед на тоа што по укинувањето на вонредната состојба во Република Северна Македонија сеуште постои пандемија од заразна болест и е прогласена кризна состојба, а во интерес на зачувување на здравјето на странките, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги со Решение бр.02-81/2 од 13 јануари 2022 година, одлучи да се одржи седница за донесување на оваа одлука без одржување на подготвителна седница.

Регулаторната комисија за енергетика на 13 јануари 2021 година одржа седница на којашто врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 17 и член 42 став (1) точка 2) од Законот за енергетика* и член 14 став (1) точка 2) од Правилникот за лиценци, донесе Одлука за издавање на привремена лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од фотонапонска електроцентрала ФЕЦ “СТРАГОВО 2” на Друштвото за производство и трговија на електрична енергија ЕЛ-ЕНЕРЏИ ДОО Скопје.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**УП1 Бр. 12-243/21**
**13 јануари 2022 година**
**Скопје**

**Заменик претседател на**
**Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги**
**на Република Северна Македонија**

**Enver Elmazi**

**Прилог:**

**ПРИВРЕМЕНА ЛИЦЕНЦА**
**ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ**
**ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

1. **Назив и седиште на носителот на привремена лиценца**
   Друштво за производство и трговија на електрична енергија ЕЛ-ЕНЕРЏИ ДОО Скопје, со седиште на ул. "Борис Трајковски" бр. 198А Скопје - Кисела Вода, Република Северна Македонија

2. **Енергетската дејност за која се издава привремена лиценца:**
   Производство на електрична енергија

3. **Евидентен број на привремена лиценца:** ЕЕ-ПРОИЗ-533-2022

4. **Единствен матичен број:** 7352450

5. **Единствен даночен број:** 4011019516748

6. **Локација на вршење на енергетската дејност**
   Носителот на привремената лиценца, енергетската дејност производство на електрична енергија ќе ја врши од фотонапонска електроцентрала ФЕЦ "СТРАГОВО 2" на КП бр.275/1 и дел од КП бр.1231, КО Страгово, Општина Кавадарци.

7. **Право на приклучување и пристап на системот за дистрибуција на електрична енергија**
   Носителот на привремената лиценца има право на приклучување и пристап на системот за дистрибуција на електрична енергија заради исполнување на условите за издавање на лиценца за вршење на енергетската дејност производство на електрична енергија во согласност со Законот за енергетика и во согласност со Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

8. **Права, обврски и одговорности на носителот на привремена лиценца**
   Правата, обврските и одговорностите на носителот на привремената лиценца во врска со вршењето на енергетската дејност, неговото учество на пазарот на електрична енергија, начинот и постапката за доставување на извештаи за финансиското работење и начинот на извршување на дејноста, како и начинот и постапката за доставување на извештаи, информации и други податоци потребни за следење на функционирањето на пазарот на електрична енергија ќе бидат уредени со лиценцата за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија.

## 9. Производни капацитети со кои ќе се врши енергетската дејност

Енергетската дејност производство на електрична енергија, ќе се врши од фотонапонска електроцентрала ФЕЦ "СТРАГОВО 2" со следните технички карактеристики:

а) назив на фотонапонска електроцентрала: ФЕЦ "СТРАГОВО 2"
б) моќност на фотонапонска електроцентрала по фотонапонски панели: 1,001.52 kW
в) моќност на фотонапонска електроцентрала по инвертори: 1.110 kW
г) година на почеток на градба: 2019 година
д) година на завршеток на градба: 2021 година
е) година на почеток на работа: 2022 година
ж) проценет животен век на ФЕЦ: 30 години
з) податоци за опрема:
   - тип и производител на фотонапонски панели: TSM-DEG19C.20, Trina Solar, Monocrystalline
   - број на фотонапонски панели: 1.872
   - моќност на фотонапонски панели: 535 Wp
   - тип, производител и номинални податоци на инвертор:
     - SUN2000-185KTL-H1, HUAWEI Solar, 185kW, 6 инвертори,

и) годишно сончево зрачење на таа локација: 1.546,9 $kWh/m^2$
к) очекувано годишно производство на електрична енергија: 1.480 MWh

Në bazë të nenit 24, paragrafi (1), pika 1), nënpika 17 dhe nenit 42, paragrafi (1), pika 2) të Ligjit të Energjetikës* (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” nr. 96/18 dhe “Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut” nr. 96/19) dhe nenit 14, paragrafi (1), pika 2) të Rregullores së licencave (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut” nr. 51/ 19, 54/19, 214/19, 114/20, 246/20 dhe 44/21), Komisioni Rregullator i Energjetikës dhe i Shërbimeve të Ujit të Republikës së Maqedonisë së Veriut, në seancën e mbajtur më 13 janar 2022, miratoi

**VENDIM**
**PËR LËSHIMIN E LICENCËS SË PËRKOHSHME TË KRYERJES SË VEPRIMTARISË ENERGJETIKE**
**PRODHIM I ENERGJISË ELEKTRIKE**

1. Shoqërisë së Prodhimit dhe të Tregtisë me Energji Elektrike “EL-ENERGJI” SHPK Shkup, i lëshohet licencë e përkohshme e kryerjes së veprimtarisë energjetike të prodhimit të energjisë elektrike nga Centrali Elektrik Diellor CED “STRAGOV 2”.

2. Licenca e përkohshme e kryerjes së veprimtarisë energjetike, prodhim i energjisë elektrike është dhënë në shtojcë, e cila është pjesë përbërëse e këtij vendimi.

3. Ky vendim hyn në fuqi në datën e miratimit të tij dhe botohet në “Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut” dhe në faqen e internetit të Komisionit Rregullator të Energjetikës dhe të Shërbimeve të Ujit të Republikës së Maqedonisë së Veriut.

**PA1 nr. 12-243/21**
**13 janar 2022**
**Shkup**

**Zëvendëskryetari i Komisionit Rregullator të Energjetikës dhe të Shërbimeve të Ujit të Republikës së Maqedonisë së Veriut**

**Enver Elmazi**

**Shtojcë:**

**LICENCË E PËRKOHSHME**
**PËR KRYERJEN E VEPRIMTARISË ENERGJETIKE**
**TË PRODHIMIT TË ENERGJISË ELEKTRIKE**

1. **Emri dhe selia e bartësit të licencës së përkohshme:**
   Shoqëria e Prodhimit dhe e Tregtisë me Energji Elektrike "EL-ENERGJI" SHPK Shkup, me seli në rr. "Boris Trajkovski" nr. 198A Shkup, Kisela Vodë, Republika e Maqedonisë së Veriut

2. **Veprimtaria energjetike për të cilën lëshohet licenca e përkohshme:**
   Prodhimi i energjisë elektrike

3. **Numri evidentues i licencës së përkohshme:** ЕЕ-ПРОИЗ-533-2022

4. **Numri i amzës:** 7352450

5. **Numri i tatimit:** 4011019516748

6. **Lokacioni i kryerjes së veprimtarisë energjetike**
   Bartësi i licencës së përkohshme do ta kryejë veprimtarinë energjetike të prodhimit të energjisë elektrike nga Centrali Elektrik Diellor CED "STRAGOV 2" në objektin në PK 275/1, dhe pjesë e PK 1231, KK, Stragov, komuna e Kavadarcit.

7. **E drejta për lidhje dhe qasje në sistemin e shpërndarjes së energjisë elektrike**
   Bartësi i licencës së përkohshme ka të drejtë për lidhje dhe qasje në sistemin e shpërndarjes së energjisë elektrike, për shkak të plotësimit të kushteve për lëshimin e licencës për kryerjen e veprimtarisë energjetike prodhim të energisë elektrike në pajtim me Ligjin e Energjetikës dhe në pajtim me Rregullat e rrjetit të shpërndarjes së energjisë elektrike.

8. **Të drejtat, obligimet dhe përgjegjësitë e bartësit të licencës së përkohshme:**
   Të drejtat, obligimet dhe përgjegjësitë e bartësit të licencës së përkohshme në lidhje me kryerjen e veprimtarisë energjetike, pjesëmarrjen e tij në tregun e energjisë elektrike, mënyrën dhe procedurën e dërgimit të raporteve për punën finansiare dhe mënyrën e kryerjes së veprimtarisë, si dhe mënyrën dhe procedurën e dërgimit të raporteve, informatave dhe të dhënave të tjera, të nevojshme për ndjekjen e funksionimit të tregut të energjisë elektrike, do të rregullohen me licencën për kryerjen e veprimtarisë energjetike prodhim të energjisë elektrike.

9. **Kapacitet prodhuese me të cilat do të kryhet veprimtaria energjetike**
Veprimtaria energjetike, prodhim i energisë elektrike, do të kryhet nga Centrali Elektrik Diellor CED "STRAGOV 2" me karakteristikat teknike në vijim:

a) emri i centralit elektrik diellor: CED "STRAGOV 2"
b) fuqia e centralit elektrik diellor sipas paneleve fotovoltaike: 1,001.52 kW
c) fuqia e centralit elektrik diellor sipas invertorëve: 1.110 kW
d) viti i fillimit të ndërtimit: viti 2019
e) viti i mbarimit të ndërtimit: 2021
f) viti i fillimi të punës: 2022
g) jetëgjatësia e paraparë e CED: 30 vite
h) të dhënat për pajisjen:
   - lloji dhe prodhuesi i paneleve fotovoltaike: TSM-DEG19C.20, Trina Solar, Monocrystalline
   - numri i paneleve fotovoltaike: 1.872
   - fuqia e paneleve fotovoltaike: 535 Wp
   - lloji, prodhuesi dhe të dhënat nominale të invertorit:
     - SUN2000-185KTL-H1, HUAWEI Solar, 185kW, 6 invertorë,
i) rrezatimi vjetor diellor në atë lokacion: 1.546,9 kWh/$m^2$
j) prodhimi i pritur vjetor i energjisë elektrike: 1.480 MWh